Деспотовски и Филиповски, но, ние ги ословувавме со Ѓурчееј или Деспотооj, а не ги викавме Момироj, како што е запишано во книгите на Илија Петрушевски.
**Филип** имаше два сина Благоја и Боре и ќерка Благица, **Ѓорче** имаше син Јордан и ќерка Павлинка, а аџо **Томе** го ословувавме Томе - Ѓурлук и немаа деца.
**Благо** е врсник со брат ми Мирко. Благо заврши Педагошка академија во Скопје и со сопругата отиде домазет во Пирот. Благо има син Александар.
**Боре** со сопругата Ката има син Мирослав (Мики) и ќерка Марија. Мики со сопругата Јулија од Тетово имаат три деца: Елена, Емилија и Филип и ќерката Марија која е мажена во Прилеп има ќерка Исидора и син Илин.
**Благица** со Мирко Симјановски од родот Скукооj од Лешок имаат две ќерки Тања и Зорица. Благица е медицинска сестра и работеше во Завод за здравствена заштита. Тања Јовановска е правник и работи како професор во економско училиште 8 Септември,Тетово, а Зорица Јовановска е инжењер по хемија и работи во клиничка лабораторија во медицински центар Тетово. Тања има две ќерки, Ива и Неда и Зорица има ќерка Јана и син Теодор.
**Јордан (Оље)** со Јанческа Љепа од Рогачево, која беше Моја генерација во Гимназија има син Горан, кој е оженет и живее и работи како програмер со компјутери во Скопје. Деспотовска Гордана беше професорка во Лешок и др. училишта. Гордана со мажот Цвитан од Хрватска имаат четири деца: Моника, Марко и Давид и Дамјан, близнаци. Гордана со семејството живеат во Шведска. ( Р. бр. 19, стр. 76-141, Р. бр. 12 и 14, стр. 64-65 и стр.96-98 ).
**Павлина** Деспотовска со Миќо Угриновски од родот Шутомирооj од Тетово имаат два сина Живко и Дарко. Живко со Катица од Тетово, се отселени во Германија и имаат три близначиња: Лука, Лана и Леон. Дарко со Елизабета од Тетово имаат две деца, Михаела и Никола.
На 29 септември 1949 година, кога сум се родил, мајка ми Јорда немала сеуште млеко и мене прво ме задоила и ме доела неколку дена Нина Филипојца од Ѓурчееј, бидејќи, била младоротка со нејзиното бебе Боре Деспотовски. Значи, мајка ми Јорда ми е мојата родена мајка, а нина Филипојца ми ги дала првите голтки мајчино млеко и за мене е втора мајка. За нина Филипојца напишав текст во книгата Лица од Лешок. Види, ( Р. бр. 25, стр. 173-174 ).
Генерација ученици родени 1949 година сме со Боре Ф. Деспотовски, а Павлина е една година после нас. Мирослав, има погон за намештај Про Дизајн Деспотовски со современи машини во Лешок и многу успешно работи. Види, ( Р. бр. 12 и 14, стр. 146 -150 и Р. бр. 25, стр. 52-72),
Од овој род е Спиро Деспотовски, кој загинал во Балканските војни. ( Р. бр.17, стр. 16- 25 и 47- 49).
**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 50, 72, 154, 211, 223, 228, 231, 232, 285, ), **Генерација, Ѓурчееј, Момирооj, род, слава, Сољоој, Споменик, Средба, Школо,**



| Ѓорче + | Филипојца + | Благоја | Благица | Боре | Павлина | Горан | Мирослав | Александар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

# 17. Јанини

**Јанини** е **нов** род во Лешок, домашна слава е **Св. Ѓорѓија**. Куќите им се под Костоо и западно од Бучејца. Овој род некои го викаат и Цокелооj, Ѓољакооj, Кокооj. Се смета дека првиот доселеник бил од Варвара. (Р. бр. 22, стр. 148-157 во ТОМ-1 и Р. бр. 8, стр. 91- 92, Р. бр. 18, стр. 92 и Р. бр. 25, стр. 27-29 и стр. 57 ).

Потомците паметат дека Ѓоро имал две ќерки, а едната се викала Јана, по која и родот се нарекува Јанини. Јана се омажила за Софроние од Непроштено, кој дошол за домазет и ја презел славата Св. Ѓорѓија. Јас, слушав од многу Лешани, како ги ословуваат Јанини. Јас не се сеќавам на Јана и Софро, а не се сеќава и Драги Јовановски, кој е во Дизелдорф, кој ми рече на 20 јуни 2026 год.
Јана и мажот Софро имаат три сина: Димитрие, Благоја и Петар (Петре).
**Димитрие** (**Диме**) Јовановски со Фотка Војновска од родот Печирибооj од Варвара имаат два сина Крсте и Драги. Аџо Диме работеше во Општина Теарце.
**Крсте** Јовановски е роден 1949 година во Лешок и сме иста Генерација. Крсте е оженет со Ана и имаат посинето син Димитар. Ана е ќерка на Роса, мажена во Сетоле, која е девојка од родот Бамбееј од Лешок. Имено, Ана е сестра на Боре и Душан Јанушевски од Лешок. Крсте со семејството живееше и работеше во Дизелдорф, а изгради куќа во Тетово.
**Драги** Јовановски се сели во Дизелдорф. Драги е оженет со Јела од Вратница и имаат син Бранко и ќерка Весна. Бранко со сопругата Сузана од Обровац, Далмација има две ќерки: Летиција и Анастазија. Весна е мажена за Марсел од Германија и имаат ќерка Дана. Благодариме на Бранко, синот на Драги, кој покажа голем интерес за Лешок и крајот и ми испрати по Вибер многу податоци.
**Петре** Јовановски има три ќерки: Олга, Мирка и Бранка. Петре работеше во Болницата за ТБЦ.
**Олга** заврши правен факултет и работеше во Просветно дело, Скопје. Олга се омажи за Ванчо Механџиски од Берово. Ванчо лично го знам од студентски денови во Студентскиот дом К. Ј. Питу и читалните во НУБ Библиотеката, Скопје, како и кога работеше во Македонско сонце. Ванчо има значајно учество во основањето на македонската политичка партија ВМРО ДПМНЕ и т. н. Олга има ќерка Ирина, која е мажена за србин од Косово.
**Мирка** со мажот живее и работи во Дизелдорф. Мирка има син Игор Данајловски, кој го посинува. Игор е оженет со хрватка од Скрадин и имаат син Тео и ќерка Маја. Со Игор сме ФБ пријатели и одлично комунициравме и соработувавме.
**Бранка** е мажена за Боге Каранфиловски од Тетово и во бракот има син Предраг.
**Благоја** (Благо) Јовановски се сели во Белград и има ќерка Мирјана. Бранко работел во Југословенска амбасада во Јужно афричка унија. Јас незнаев дека Благо бил брат на аџо Диме и аџо Петре, но, од фотографијата се присетив дека сум го гледал како дете неговиот лик во Лешок.
Од овој род моја Генерација 1949/50 г. и заедно учевме е Крсте Димев Јовановски. Види, ( Р. бр. 12 и 14, стр. 134-135 и Р. бр. 19, стр. 29-49 и Р. бр. 25, стр. 57).
Крсте се пресели во Дизелдорф, Германија и таму работеше и живееше со фамилијата и јас една година го посетив во Дизелдорф. Крсте почина 2025 година и закопан е во гробиштата во Тетово.
Јас ги познавам аџо Диме и аџо Петре, а третиот син Благој сум го видел по лик, но, не знаев дека е од овој род. Јас добро ги знам Крсте и Драги, како и нивните братучетки: Олга, Мирка и Бранка.
Драги, братот на Крсте, последните пензионерски години ги поминува во Лешок, каде изгради нова куќа на Збирало. Мирка и Олга Петреej Јовановски, беа генерација со мојот брат Мирко, а нивната сестра Бранка беше помала генерација. Како пензионерки сум ги видел Олга и Бранка, кога пиев кисела вода во Млака и на Гробиштата. Види, ( Р. бр. 12 и 14, стр. 43-45 и стр. 134 ).
**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 50, 71, 92, 113-114, 134-135 и 267 ), **Ѓољакооj, Јанини, Кокооj, Цокелооj, слава, Генерација,**

|  |  |  |  |  |  |  |  |  |  |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Диме + | Петре + | Благо + | Мирка | Крсте + | Олга | Драги | Бранка | Бранко | Игор |